# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за реализирани активности по Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка во 2025 година**

Програмата за локален економски развој за 2025 година, како еден сегмент од рефератот и описот на надлежности на Одделението за локален економски развој и евроинтеграции беше имплементирана согласно предвидената динамичка, но и буџетска рамка за имплементација на активностите од оваа област. Целта на оваа програма беше да се препознае локалниот развој и користењето на локалните ресурси како клучни за понатамошен развој на заедницата и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница, а општината да се етаблира во сериозен партнер на приватниот сектор и двигател на нивниот развој со разни мерки и активности, поврзани со потребите на локалната заедница. Активностите за имплементација на програмата ги имплементираа вработените во Одделението за локален економски развој и евроинтеграции, во тесна соработка со Градоначалникот на општината и останатите оделенија и сектори од општината. Започнат е процес на соработка со локалните субјекти и препознавање на потребите и можностите за развој, базирани на локални ресурси, како и креирање на мерки, согласно надлежностите кои директно ќе влијаат врз развој на одредени категории на локални економски субјекти. Напливот на посетители од регионот и соседните држави и нивните побарување за квалитетна храна и услуга, доведе до сериозно подобрување на локалните угостителски објекти во сите сфери, што се покажа како битен сегмент, кој се бара на пазарот препознаен како можност за зголемување на приходот на локалната економија. Новогодишниот базар како активност донесе сериозни поместувања во делот на промоција на Крива Паланка, како посакувана дестинација за посета во време на новогодишните празници. Во наредниот период треба да се направи анализа и да доработи концептот во насока на обезбедување на посериозно учество на сите чинители и зголемување на приходот во локалната економија. Сериозниот подем на културниот туризам во последните неколку години, значително влијаеше врз формирање на сликата и насоките за понатамошен развој. Анализата покажува дека се јавува потреба од сместувачки капацитети, но и други содржини атрактивни за посетителите, со единствена цел, да се продолжи времетраење на нивниот престој во градот. Поради тоа, беше работено на креирање на соодветна понуда, од аспект на културни настани, поддршка на локални производители на храна, категоризација на сместувачки објекти и низа на други мерки за зголемување на приходот на локалната економија. Дополнително, искуството и екпертизата на вработените во процесот на управување со проектен циклус беа ставени на располагање на другите општински одделенија и сектори за подготовка и аплицирање, но и имплементација на проекти финансирани од различни донатори, по различни повици и програми. Програмата за локален економски развој содржеше вариетет на содржини и активности, секоја специфична за себе, но со заедничка цел, подобрување на условите локален развој. Во глобала е постигнато одредено поместување во процесот на позицијата на локалните субјекти, во делот на инвестирање, било во економски капацитети, човечки ресурси или енергетски погони и централи. За прв пат по неколку децении имаме изградба на станбени објекти за колективно домување,



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

согласно новиот ГУП и деталните урбанистички планови, како и започнување на изградба на угостителски капацитети за храна и сместување на гости на локалитети атрактивни за посетителите. Дополнително, вработените во Одделението за локален економски развој даваа значаен придонес преку директно учество во процесот на репроценка на имотот, легализација на дивоизградени објекти, како и подобрување на транспарентноста на општината, со директен ангажман во службата за односи со јавност на општината.

Во главном, активностите кои беа реализани во тековната година, како составен дел на програмата беа фокусирани на следните области:

*<u>Поддршка на развојот на МСП и претприемништво и поддршка на процесот на промовирање и привлекување на нови инвестиции</u>*

Во текот на 2025 година, членови на новоформираниот ЛЕСС-Локалниот економски социјален совет на општина Крива Паланка учествуваа на настани за вмрежување, при што во процесот под менторство на Младинскиот културен центар од Битола и поддршка на Меѓународниот центар Олаф Палме од Шведска беше креирана неформална мрежа на локални-економско социјални совети на уште 10 други општини. На овие настани беше договорена стратегија за делување на мрежата во наредниот период. Во текот на 2026 година ќе биде потребно да се спроведе постапка за реформирање на составот на ЛЕСС, со оглед на фактот дека со локалните избори е направена промена на составот на Совет на општината.

Во 2025 година е продолжено спроведувањето на воспоставената редовна практика за достава на Месечен информатор до локалните претпријатија за отворени повици за помош, соработка и финансиска поддршка на локалните бизнис од различни донатори. Со тоа значително е зголемена транспарентноста комуникацијата и информирањето на локалните МСП.

*<u>Подготовка, аплицирање и имплементација на проекти</u>*

Одделението за локален економски развој и евроинтеграции во текот на 2025 година беше вклучено во процеси на подготовка и аплицирање на проекти од различни области од интерес на општината, во соработка или за потребите на другите одделенија и сектори. Вклученоста се однесуваше во текот на целиот процес на прибирање на потребна проектна документација, пишување или пополнување на апликационен формулар и аплицирање со проектот во соодветната програма. По одобрување на апликациите и склучување на грант-договори за финансирање, во голем број од овие проекти, вработените од одделението учествуваа и директно во самата имплементација, мониторинг и подготовка на извештаи за реализација на предвидените активности.

*<u>Подготовка и аплицирање на проекти на повици</u>*

Во текот на 2025 година, вработените од одделението директно беа вклучени во подготовка на проекти од повеќе различни програми и тоа:

По основ на јавниот повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА за 2025 година – Инфраструктурни проекти во општините, при Министерство за локална самоуправа подготвени и аплицирани се следните проекти:

- *„Реконструкција на дел од ул.„Св Јоаким Осоговски“, делница од „Дол Единство“ до спој со државен пат А2 со изградба на атмосферска канализација“*. Вкупна проценета вредност :61.623.906,00 денари. Одобрен за финансирање.
- „*Реконструкција на патен правец за Калин Камен Општина Крива Паланка*“. Вкупна проценета вредност: 61.162.320,50 денари. Одобрен за финансирање.
- *„Партерно уредување на мајор коритото на Крива Река дел 1 и дел 4“*. Вкупна проценета вредност: 27.796.111,09 денари. Одобрен за финансирање.
- *„Уредување на делови од спортски комплекс–трибини кај фудбалско игралиште*“. Вкупна проценета вредност: 3.417.344 денари. Одобрен за финансирање.
- *„Реконструкција на локален пат с.Нерав-с.Огут ,Општина Крива Паланка“ во должина од 3,5 км .*Вкупна вредност: 35.638.478 денари. Проектот не е одобрен за финансирање.

По основ на јавниот повик за прибирање на предлог-проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и развој на селата за 2025 година подготвен и аплициран е проектот

- *Изградба на локален пат Крива Паланка – Варовиште –Кошари-Б’с, Општина Крива Паланка , крак 2, од км0+000 до км 0+792.35.* Вкупна вредност: 6.505.173 денари.

По основ на јавниот повик за користење на средства од Програмата за поврзување на локални патишта при Министерство за транспорт, финансиран од Светска Банка, подготвен и аплициран е проектот

- *„Реконструкција на локален пат с.Нерав-с.Огут ,Општина Крива Паланка“ –фаза 1 во должина од 1200м.* Вкупна вредност: 16.738.380 денари.

Во рамки третиот повик за проекти на ЕУ ИПА Прекугранична соработка Северна Македонија-Србија, подготвен и аплициран е проектот „**Од минатото до иднината**“ поднесена во партнерство помеѓу Град Лесковац, Србија како главен апликант и Општина Крива Паланка како ко-апликант. Проектот е во фаза на одобрување и се очекува потпишување на договор за грант во текот на 2026 година. Општа цел на проектот е да се подобри одржливата и интегративна валоризација и вкрстено поврзување на културното и природното наследство во областа Јабланица, Србија и североисточниот регион, Северна Македонија, а во Крива Паланка треба да се доизгради пешачката патека Бабин Дол што води до манастирот Свети Јоаким Осоговски.

*<u>Реализирани проекти или проекти во тек на реализација во 2025 година</u>*

Во рамки на Програмата за зеленило на ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка Република Бугарија – Република Северна Македонија, во 2025 година активно се имплементираше проектот ПАРКС - „**Заштита на областите преку регионално значење и оддржливост**“, во партнерство со Општина Дупница, Бугарија. Проектот е со период на имплементација 01.07.2024-30.06.2026 и е со специфична цел – поддршка на процесот за зголемување на урбаното зеленило во Крива Паланка и Дупница. Во рамки на проектот во 2025 година е изграден зелен урбан парк во близина на населбата кај зелениот пазар. Паркот официјално е пуштен во употреба на 20.06.2025 година, а на отварањето на паркот присуствуваа претставници на Делегација на Европската Комисија во Република Северна Македонија, предводени од Евроамбасадорот г-дин Михалис Рокас. Како резултат на проектот е креиран и зелен катастар за урбано зеленило во двете општини, извршена е педологија на почвата во регионот, со подготвен документ и препраки за амбиентални растенија, Дополнително е набавен сензор за мерење на квалитетот на воздух во Крива Паланка со инсталиран кориснички интерфејс на веб сајтот на општината

(https://www.krivapalanka.gov.mk/kvalitet-na-vozduhot), а подготвен е и Прирачник за уредување на урбани зелени површини. Вкупна вредност на проектот е 894.829,00 евра, од кои 388.020,00 евра се средства наменети за општина Крива Паланка, како партнер. Имплементацијата ќе продолжи и во 2026 година, со краен датум за реализација 30.06.2026.

Во рамки на Програмата за развој на туризмот во ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка Република Бугарија – Република Северна Македонија, на 07.03.2025 година беше потпишан договор за грант за проектот „**Прекугранична атракција - смарт туризам во регионот Крива Паланка – Ќустендил - Невестино**„, во партнерство со Центарот за развој на третиот Североисточен плански регион и Народен музеј Куманово од Република Северна Македонија и Општина Ќустендил, Општина Невестино и Комора за комерција и индустрија од Ќустендил, Република Бугарија. Во 2025 година беа завршени сите постапки, поврзани со активирање на проектот и спроведување на процедурите за јавни набавки, а во пролетта 2026 година, во рамки на проектот се очекува градежна инвестиција во туристичка инфраструктура на локација Калин Камен, над локалитетот Ловечка Куќа, која предвидува изградба на т.н. Адреналински Парк, односно креирање на забавен парк Калин Камен. Вкупен планиран буџет за Крива Паланка изнесува: 304.902 евра.

Во рамки на програмата на УНДП -„Фонд за техничка документација“ успешно се имплементираше проектот „**Подобрување на животот на жителите од руралните средини**“. Во рамки на проектот беше:

- изготвена комплетна техничка документација на ниво на урбанистички проект и основен проект за изградба на локален пат во с. Градец преку м.в. Милевци до спој со регионален пат Р 2245 во Општина Крива Паланка и
- изготвена комплетна проектна документација на ниво на урбанистички проект и основен проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина Општина Крива Паланка.
- како составен дел на проектот, освен процесот на градење на капацитети на вработените во одделението, изготвен е и пилот Интегриран План за Локален Развој 2024-27, кој освен анализа на постоечката состојба, содржи и тригодишно планирање на активностите од сите сфери на надлежност на општината со буџетирање за наведениот период.

Проектот се имплементираше со вкупна вредност од 1.890.000 денари од кои 20% беа кофинансирање на општината.

Во рамки на Интеррег Адрион програмата на ЕУ, Општина Крива Паланка учествуваше како корисник на проектот „**Урбани поплави**“, кој тековно се имплементира во партнерство на ФИНКИ и Центарот за управување со знаења од Скопје. Во рамки на проектот, на локација на т.н. Градечки Мост беше монтирана и инсталирана хидролошка станица за мерење на проток, интензитет и ниво на Крива Река, како превентивна мерка за заштита од поплавување на реката. Исто така, на веб-страницата на општината (https://www.krivapalanka.gov.mk/hidroloshki-podatotsi-na-kriva-reka) е инсталиран линк, на кој може да се следат горенаведените параметри во реално време. Проектот ќе продолжи и во 2026 година. Општина Крива Паланка нема финансиски импликации по овој проект.

Во рамки на проектот „**Проценка на ризикот од поплави**“, имплементиран преку ГИЗ МК, а финансиски поддржан од Европската Банка за развој во рамки на програмата Climate Gap Fund (Фонд за поддршка во справување со климатските промени), Општина Крива Паланка учествуваше како активен партнер. Притоа, во рамки на проектот беше изготвена Физибилити студија за Крива Река, која содржи проценка на ризикот од поплавување на Крива Река по нејзиниот тек во урбаниот и приградските делови и предлог мерки и решенија за уредување на коритото и заштитниот појас на начин кој ќе овозможи дополнителна и натамошна заштита од поплавување на Крива Река. Проектот е во завршна фаза и ќе финишира во почетокот на 2026 година. Како резултат на успешна соработка и

имплементација, односно исполнување на проектните цели, имавме посета од страна на г-н Бјорн Габриел, директор на ЕБР, на денот на презентација на студијата. Проектот нема финансиска импликација по општинскиот буџет.

Во рамки на проектот „**Експертска помош за прекугранична соработка на општините во проекти за Западен Балкан (MCBC WB6)**“, *О*пштина Крива Паланка учествува како партнер на општините Скадар - Албанија, Ужице и Власотинце - Србија, Требиње - БиХ, Колашин - Црна Гора, под менторство на НАЛЕД (Национална Алијанса за локален економски развој) од Србија и Германска Агенција за Енергетика (ДЕНА). Во проектот се спроведуваат работилници, во кои се испитува можноста и начините за прекугранична соработка во делот на енергетската транзиција, со користење на позитивни практики и искуства, но и изработка на конкретни проекти. Од интерес за општината е давање насоки и менторство за изработка на СЕКАП – Планот за справување со климатските промени, но и можност за изработка на проекти за енергетска ефикасност/подобрување на физичката состојба на колективните објекти за домување во градот. Проектот ќе продолжи и во 2026 година и нема финансиски импликации по општинскиот буџет.

Општина Крива Паланка заедно со општините Старо Нагоричане и Ранковце е вклучена во проектот „**REVIVE**“, кој се имплементира од страна на SWG RRD. Проектот го спроведуват девет организации и четири партнери од седум земји од медитеранот, кои имаат заедничка цел за рационални (паметни) и еколошки (зелени) рурални средини односно развивање на „Дигитални Иновативни Хабови“и иновативни бизнис модели, кои ќе овозможат отварање на нови работни места и ќе развијат т.н. зелена економија во рамките на одржлива животна средина. Во рамки на проектот е изработен Пилот Акциски План во кој се предвидени одреден број на тренинзи насочени кон градење на капацитетите на локалните чинители по различни теми поврзани со лидерски вештини, здружување и облици на делување, дигитални вештини и дигитална технологија во руралниот развој. Како резултат на проектот е потпишан и Меморандум за соработка со Општина Бузет – Хрватска, а во наредниот период се очекува интензивирање на контактите и соработката со оваа општина од хрватското крајбрежје.

*<u>Поддршка на процесот на развој на туризмот</u>*

Согласно Законот за угостителска дејност, општината во рамки на своите надлежности во 2025 година продолжи со процесот на ажурирање на базата и упис на нови субјекти во регистарот за угостителска дејност од мал обем и издавање на решенија за извршена категоризација на угостителските објекти за сместување од мал обем. Постапката за категоризација на објекти до 20 легла, во сопственост на физички лица за сместување на гости е воведена во регистерот на процедури кои се ИСО сертфицирани во 2025 година. Во периодот на 2025 година, дополнително е извршена категоризација на уште два сместувачки капацитети. По основ приходи од туристичка такса или такса за привремен престој на лица, во 2025 година вкупно се соберени 29.280 денари во Буџетот на општината.

За потребите на промоција на туристичкиот потенцијал, се ажурираше и Виртуелниот водич, кој со линк е достапен на веб страната на Општина Крива Паланка. (https://macedoniafromabove.mk/krivapalanka/index.htm?language=en)

Со средства од различни проекти и програми, но и со средства од општинскиот буџет, изградени и промовирани се повеќе места за посета на територијата на Општина Крива Паланка, атрактивни за посетителите и туристите и тоа:

- Природен и историски парк Градец – со проект е комплетно извршено партерно уредување на дворното место во школото во с.Градец, со што е направена целина како дестинација за културен туризам, заедно со испосницата на Св Јоаким Осоговски, старото школо, црквата Св Никола и археолошката локација Градиште. Потребно е само да се доуреди школото за потреби за сместување и ресторански простор и да се стави во прграмата на националните/регионалните/локалните туристички агенции како место/ дестинација за посета во нивната туристичка понуда.

- Забавен парк – Адреналински парк на локалитет Калин Камен – предвиден со проект во ИПА Програмата за прекугранична соработка со Бугарија. Постапката за тендерирање и избор на изведувач е завршена во 2025 година и до крај на месец мај 2026 година се очекува изградба и пуштање во употреба на паркот. Дополнително во 2025 година е започната изградба на два сместувачки капацитети, а на самата локација постојат и два активни угостителски објекти. Од одделението за локален економски развој и евроинтеграции беше подготвена апликација за реконструкција на патот кон локалитетот Калин Камен и имплементација на истиот се очекува по завршувањето на постапката за избор на изведувач. Со тоа, на некој начин е заокружен дел од основната инфраструктура за развој и зголемена посетеност на локалитетот. Во 2025 година енормно е зголемена посетеноста, заради постоењето на два ресторана на локацијата, но и заради недопрената природа на локалитетот. Потребно е само да се доуреди местото со дополнителни содржини и да се донесат документи за изградба на викендици и објекти и локалитетот да се стави во програмата на националните/ регионалните/локалните туристички агенции како место/дестинација за посета во нивната туристичка понуда.

Локалната манифестација „Шопска софра,, веќе неколку години наназад традиционално се оддржува на ден 8-ми Октомври – празникот на градот. Во 2025 година Општина Крива Паланка во соработка со Фондацијата „Со срце за Крива Паланка “ ја организираше манифестацијата „Шопска софра“ во чест на Денот на ослободување на градот. Целта на овој настан беше на едно место да се видат и вкусат традиционалните специјалитети, кои се обележје на Кривопаланечкиот регион, како сериозен потенцијал за развој на гастро туризмот.

Изработени и промовирани се и Водич за посетители – „Дојди, види, вкуси„, на македонски и англиски јазик, поставени се табли со QR кодови, со локација и информации за повеќе атрактивни места за посета.

*Поддршка на процесот на развој на земјоделието*

*Субвенционирање на на сертификација на органско производство*

Во текот на 2025 година, Општина Крива Паланка, согласно Програмата за локален економски развој за 2025 година спроведе активност, која подразбираше директна субвенција на трошоците за сертификација на локалните производители на органска храна, сертифицирани од овластено/акредитирано сертификационо тело. За таа цел беше изготвен Правилник за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на трошоците за добиен сертификат за органско производство издаден од страна на овластено акредитирано тело на носители на земјоделски стопанства жители на Општина Крива Паланка, запишани во единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанства и врз база на истиот беше распишан Јавен повик за субвенционирање на трошоците за добиен сертификат за органско производство издаден од овластено акредитирано тело. Повикот беше успешно спроведен и на него беа поднесени 15 исправни и уредни барања од страна на локални сертифицирани производители на

органска храна и сите апликанти беа прифатени за  субвенционирање во износ од 50% од направениот трошок за добиениот сертификат за органско производство издаден од овластено акредитирано тело. Целта на оваа мерка е да се мотивираат останатите земјоделци да се вклучат во процесот на органско производство, но и да поттикнеме развој на нови земјоделски стопанства. Мерката се покажа како успешна и беше поздравена од локалните органски производители и истата ќе биде имплементирана и во 2026 година. Вкупно ќе бидат издвоени 124.710,00 денари од Буџетот на општината за субвенционирање на органските производители.

*Награда Земјоделец/ка за 2025 година во Општина Крива Паланка*

Во текот на годината, како програмска активност, беше распишан Јавен повик за доделување на награда за најдобар земјоделец/ка во Крива Паланка за тековната година, како дополнителна стимулација за работата на локалните земјоделци. По евалуација на доставените документи, врз база на претходно дефиниран критериум беше доделена наградата Земјоделец/ка на годината во нето износ од 30.000 денари.

*Енергетска ефикасност*

Во делот на енергетската ефикасност, во соработка со ЗЕЛС се планира изработка на Оперативна програма за енергетска ефикасност на претходно подготвен образец за изготвување на програмата од страна на Министерството за енергетика и рударство. Инаку за 2025 година, треба да се изготви извештај за влијанието и ефектот од поставувањето на петте фотоволтаични централи на крововите од јавните институции (општинска зграда, ЛУ Градски музеј, школо Партизан, ОУД Боро Менков и ОЈУДГ Детелинка). Во рамки на проектот во партнерство со Германската агенција ДЕНА и НАЛЕД се работи на менторски пристап за енергетска транзиција, како и за подготовка за изработка на СЕКАП, што може да сеслучи во 2026година, кога продолжува и проектот, како и заможност за помош во изработка на проекти за енергетски фасади за колективните објекти за домување.

*Јакнење на капацитетот на вработените во Одделението за локален економски развој и евроинтеграции*

Во делот на јакнење на капацитетите на вработените во Одделението за локален економски развој и евроинтеграции, во рамки на програмата Европа за општините, финансирана од Делегација на Европската Комисија во Република Северна Македонија, преку серија од тренинзи и обуки на вработени во општинската администрација, во 2025 година, двајца вработени се стекнаа со сертификат за тренери/обучувачи за проектен циклус и еден вработен се стекна со сертификат за имплементација на ПРАГ за проекти што се имплементираат со финансиска помош од ЕУ.

**ТАБЕЛАРЕН ПРИЛОГ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2025 ГОДИНА**

| 1 | **ПОСТИГНАТА ЦЕЛ:** Подобрен статусот, влијанието и улогата на Локалниот Економски социјален совет во процесот на креирање на локални политики за подобрување на локалната бизнис клима |
|---|---|

| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
|---|---|---|---|---|
| Реализирани активности и мерки за зголемување на влијанието и улогата на Локалниот Економски социјален совет | - реализирани активности на ЛЕСС | јануари - декември | - обезбедено членство на ЛЕСС Крива Паланка во национална мрежа на ЛЕСС (13 члена на ЛЕСС – 5 жени, 8 мажи) | / |

| 2 | **ЦЕЛ:** Подготовка и аплицирање на проекти |
|---|---|

| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет ( во мкд)** |
|---|---|---|---|---|
| Аплицирање на проекти на повици на домашни и странски донатори | - подготвени и аплицирани проекти на повици од национални институции | јануари - декември | - целосно подготвени и аплицирани 5 проекти при МЛС (Унгарски кредит)<br>- целосно подготвени и аплицирани 1 проекти во рамки на програмата за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и развој на селата при МЛС<br>- целосно подготвени и аплицирани 1 проект при Министерство за транспорт и врски | /<br>/<br>/ |
| | - подготвени и аплицирани проекти на повици од странски програми и донатори | јануари - декември | - целосно подготвени и аплицирани 1 проект при ИПА Програма за прекугранична соработка со Србија „Од минатото кон иднината“ | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Имплементација на тековно започнати проекти за кои е аплицирано или веќе е добиен договор за грант | - тековно имплементиран проект ПАРКС – во партнерство со Дупница, Бугарија во програмата за зеленило на ИПА VI-A Interreg North Macedonia-Bulgaria | во текот на 2026 година | - делумно имплементиран проект и делумно исполнети резултати и индикатори (изграден урбн зелен парк, поставен сензор за мерење загаденост на воздух, изработен зелен катастар, ..) | Во 2025 реализирани 14.521.052,00 денари (2.450.000,00 ден позајмица од општина) средства од грантот |
| | - тековно имплементиран проект Прекугранична атракција – развој на смарт туризам, во партнерство Ќустендил - Бугарија, Програма за туризам ИПА VI-A Interreg North Macedonia-Bulgaria | 07 март – 31 декември | - делумно имплементиран проект и делумно исполнети резултати и индикатори (завршени тендерски постапки и направен вовед во работа за изградба на Адреналински парк) | Во 2025 година реализирани 2.151.188,00 денари средства од грантот |
| | - успешно затворен проект Земја на легендите, во партнерство со Град Лесковац, ИПА ПГС С.Македонија-Србија | Јануари -Февруари | - изграден парк Градец и промовирани места за посета во Крива Паланка | Во 2025 година релизирани 1.353.350,00 денари од Буџетот што треба да се рефундираат од грантот |
| | - имплементиран проект „Подобрување на животот на жителите од руралните средини“ преку УНДП -„Фонд за техничка документација“ | Јануари - декември | - успешно затворен проектот<br>Изготвена:<br>- комплетна техничка документација на ниво на урбанистички проект и основен проект за изградба на локален пат во с. Градец преку м.в. Милевци до спој со регионален пат Р 2245 и<br>- проектна документација на ниво на урбанистички проект и основен проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина<br>- изработен Интегриран план за локален развој 2024-27 | 1.890.000,00 денари од кои 378.000,00 денари од Буџетот на општина, а остатокот од 1.512.000,00 денари се средства од грантот |
| | - тековно имплементиран „**Проценка на ризикот од поплави**“, преку ГИЗ МК, а финансиски поддржан од Европската Банка за развој во рамки на програмата Climate Gap Fund | Јануари - декември | - изработена Физибилити Студија за ризици од поплавување од Крива Река | Средства од програмата/проектот |
| | - успешно тековно учество како корисник во проектот „**Урбани поплави**“ , имплементиран во Интеррег Адрион програмата на ЕУ од страна на ФИНКИ и Центар за управување со знаења како партнери | Јануари - декември | - монтирана и инсталирана хидролошка станица за мерење на проток, интензитет и ниво на Крива Река, како превентивна мерка за заштита од поплавување на реката со линк за следење во реално време (https://www.krivapalanka.gov.mk/hidroloshki-podatotsi-na-kriva-reka) | Средства од програмата/проектот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - тековна имплементација на проектот „**Експертска помош за прекугранична соработка на општините во проекти за Западен Балкан (MCBC WB6)**“, како партнер на општините Скадар-Албанија, Ужице и Власотинце-Србија, Требиње-БиХ, Колашин-Црна Гора, под менторство на НАЛЕД (Национална Алијанса за локален економски развој) и ДЕНА-Германска агенција за енергетика | Јануари - декември | - добиено менторство за енергетска транзиција во земјите од Западен Балкан | Средства од програмата/проектот |
| | - тековна имплементација на проектот „**REVIVE**“ имплементиран од SWG RRD, во кој Општина Крива Паланка е партнер | Јануари-декември | - развој на „Дигитални Иновативни Хабови“ и иновативни бизнис модели кои ќе овозможат отварање на нови работни места и ќе развијат т.н. зелена економија во рамките на одржлива животна средина | Средства од програмата/проектот |

**3** Цел: Поддршка на процесот на развој на туризмот

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на база на податоци за потенцијалот за развој на туризам во општина Крива Паланка | - тековно ажурирање на физички лица кои се занимаваат со угостителска дејност – сместување на гости | Во тек на целата година | - ИСО сертфицирана процедура за категоризација на објекти и упис во регистер<br><br>- ажуриран регистер за категоризирани објекти за сместување на гости<br>- соберена такса за престој на гости во износ од 29.820,00 денари | / |
| Поддршка на процесот на креирање на туристичка понуда | -Подготвен и испечатен промотивен материјал | Во текот на целата година | - испечатен водич Дојди, види, вкуси<br><br>- испечатени пропагандни материјали (ќеси, тетратки, ..) со мотиви од градот | 45.000,00<br><br>100.000,00 |
| | -Ажурирање на Маркетинг промоцијата за развој на туризмот / виртуелен водич | Во тек на годината | - платено одржување на е-платформа https://macedoniafromabove.mk/krivapalanka/index.htm?language=en | 60.000,00 |
| | - Промовиран Природен и историски парк ГРАДЕЦ | Мај 2025 | - промовиран паркот Градец како потенцијална туристичка дестинација | / |
| | -Изградба и промоција на Забавен парк Калин Камен | Октомври-декември | - завршена постапка за избор на изведувач на работи за адреналински парк | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - организирање на Шопска софра по повод Денот на ослободување на градот | септември-октомври | - организирана Шопска софра во соработка со Фондацијата со срце за Паланка | * средствата се од Програмата за култура за 2025 година |
| **4 Рурален развој** | | | | |
| Поддршка на процесот на развој на земјоделието | -Спроведување на постапка за изборна земјоделец/ка за 2025 година на Општина Крива Паланка | Ноември-декември | - спроведена постапка и избран Земјоделец за 2025година (1машко) | 30.000,00 |
| | -спроведување на постапка за субвенционирање на сертификација на органско производство. | Ноември -декември | - спроведена постапка и доделени 15 субвенции за органски производители (4 жени и 11 мажи) | / |
| | | | | |
| **5 Други мерки од интерес на економскиот развој** | | | | |
| - Регионална соработка и вмрежување / креирање партнерства | - континуирана соработка со СИПР | Во тек на 2026 година | - заедничка подготовка и имплементација на проект со СИПР во ИПА ПГС со Бугарија | / |
| | - континуирана соработка со ЗЕЛС | Во тек на 2026 година | - добиен проект во соработка со НАЛАС – „Управување со отпад со вклучена родова перспектива“ | 180.590,00 денари (од Буџетот на општината за членарина во ЗЕЛС) |
| | - Поддршка на ЛАГот Осоговски Лисец негово активно вклучување и ставање во функција на развој на локалната и регионалната економија | ноември-декември | - започнат процес на пререгистрација на ЛАГот и изработка на Стратегија во соработка со општините Кратово и Ранковце | / |
| | | | | |
| - Јакнење на општински капацитети | -Јакнење на капацитетот на вработените во Одделението за локален економски развој | Во тек на 2026 година | - завршена обука за тренери за менаџирање (2 обучени – 2 машки)<br>- завршена обука за тренери за ПРАГ (1 обучен)<br>** обуки преку Делегација на ЕК во РСМ – проект ЕУ за општините | Средства од програмата/проектот |
| | | | | |

| | |
|---|---|
| **Вкупен буџет** | **20.331.180,00 денари**<br>(Од кои 4.596.940,00** денари од Буџетот на општината)<br>** 3.803.350,00 треба да се рефундираат на сметката на општината |

Датум/место
Крива Паланка, 20/02/2026 година

Изработил/функција/потпис

Раководител на одделение